# *HYDROPOX G*

## Својства:

*HYDROPOX G* е двокомпонентен епоксидно-смоласт груб малтер (ПЦ малтер) за поправка на внатрешни и надворешни бетонски површини. Поради дефинираната стабилност на *HYDROPOX G,* дебелини на слоеви од 2 до 4 см се можни во еден процесен чекор.

Посебната материјална основа од *HYDROPOX G* овозможува примена (нанесување) дури и на малку влажна подложна површина.

## Технички податоци:

| | |
|---|---|
| Складирање | На суво меѓу 15 и 25°, во оригинална амбалажа, приближно 6 месеци ако е заштитен од мраз и директно сончево зрачење. |
| Процесна температура | 8 - 30ºЦ (темпаратура на конструкциски елемент) |
| Време на обработка | Приближно 30 минути (20ºЦ) |
| Целосно зацврстување | 6 часови (сосема суво), 24 часови (може да се гази), 7 денови (сосема зацврстено) |
| Форма на испорака | 10 кг “комби-амбалажа” |

## Процесирање/обработка:

Подложната површина мора да биде стабилна и без разделни супстанци. Недоволно цврсти слоеви и бетонско цементно млеко мора да се отстранат. За оваа цел, подложната површина мора да биде подготвена со погодни механички процеси какошто се на пример “пескарење”, обработка со стружење и последователно “сачмарење” или “пескарење” со друг вид тврди абразиви за пескарење.

*HYDROPOX G* се испорачува во комплет дефиниран сооднос на компонентите (А : Б). За обработката (процесирањето), компонентата Б (зацврстувач) целосно се истура во компонентата А (смеса од смола) и хомогено се меша со помош на бавно движечка направа за мешање (со најмногу 60 вртежи/минута) сѐ додека да се добие рамномерно сива обоеност. Мешањето мора да се извршува најмалку 3 минути. Мешавината мора да се употреби во рок од 30 минути.

Површините би требало да се обработуваат со *HYDROPOX EPG* непосредно пред нанесување на *HYDROPOX G. HYDROPOX G* би требало да се нанесува како дебел слој со помош на мистрија со рамен крај врз свежо обработени површини и добро да се изработува.

## Молиме забележете:

Во сообразност со важечките директиви од ЕУ, *HYDROPOX G* мора соодветно да биде означен. Поради оваа причина, пред започнување со работата мора да се прочитаат и да се разберат претпазните мерки и безбедносни препораки коишто се вклучени во Табелираните безбедносни податоци.

Правилна и како резултат успешна употреба на нашите производи е надвор од наша контрола. Поради оваа причина, ние единствено можеме да го гарантираме квалитетот на нашите производи во рамките на нашите Услови на продажба и испорака, меѓутоа, не за нивно успешно процесирање. Сите податоци и информации во овие инструкции се базираат на последниот збор на техниката, но ние недвосмислено си го задржуваме правото да правиме модификации или адаптации на развојот. Податоците за потрошувачка, наведени од нас, можат да бидат само како просечни вредности од искуство, отстапувања во одделни случаи се можни па според тоа не можат да се исклучат.